# Известување за концентрација

Помеѓу **Виена Иншуренс Груп АГ Винер Ферзихерунг Групе**, Австрија и **Акционерско друштво за осигурување и реосигурување Кјуби Македонија - Скопје**, Република Македонија
(**предмет бр.** 08-111/2012)

1. Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10 и 136/11), на ден 05.11.2012 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која **Виена Иншуренс Груп АГ Винер Ферзихерунг Групе**, со главно седиште на адреса Шотенринг 30, 1010 Виена, Австрија, во смисла на одредбите од член 12 од Законот за заштита на конкуренцијата, стекнуваа контрола врз **Акционерско друштво за осигурување и реосигурување Кјуби Македонија - Скопје**, со главно седиште на адреса 11-ти Октомври бр. 25, 1000 Скопје, Република Македонија, ***по пат на стекнување акции.***

2. Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:
   - 2.1. **Виена Иншуренс Груп АГ Винер Ферзихерунг Групе –** врши работи на осигурување од одговорност за штета, како и осигурување на имот (осигурување од штети на имот и осигурување на парични загуби), а врши и работи на реосигурување во оние области за кои има дозвола и
   - 2.2. **Акционерско друштво за осигурување и реосигурување Кјуби Македонија - Скопје –** врши работи на неживотно осигурување, работи на реосигурување, проценка на ризици и штети, како и дејности на застапници во осигурување и осигурителни посредници.

3. Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

4. Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Мито Хаџивасилев Јасмин 50, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

12.11.2012 година
Скопје